# <u>НАПАТСТВИЈА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР ПО ГЕОГРАФИЈА</u>

**Во пресрет на Општинскиот натпревар по географија за учениците од основното образование, Ве информираме подетално за текот на натпреварите:**

• Почетокот на натпреварот е во 10 часот;
• Учениците да обезбедат соодветен технички уред (телефон не е пожелно) со добра интернет конекција и задолжително да имаат вклучено камера и микрофон;
• Секој обид на злоупотреба од страна на учесниците ќе биде соодветно санкциониран, односно дисквалификуван ученикот;
• За пристап до тестот учениците треба да имаат **g-mail адрес**а на која ќе добијат повик за натпреварот (настанот) и на која ќе добијат линк до тестот;
• Пристапот до тестот ќе се реализира на апликацијата Google Meet и Google Forms;
• Пожелно е учениците во 09:40 да бидат подготвени и вклучени на Google Meet.
• Точно во 10:00 часот ќе добијат линк на кој треба да започнат со потполнувањето на тестот;
• Учениците го пополнуваат тестот на јазикот на кој го изучуваат предметот географија;
• Учениците имаат на располагање 60 минути да одговорат на прашањата;
• По завршување на тестирањето да потврдат дека завршиле (задолжително треба да се избере копчето **SUBMIT**) со што ќе го испратат тестот;
• Доколку ученикот не го испрати тестот (не притисне SUBMIT), нема да биде рангиран на ранг листата и еднакво е на негово отсуство од натпреварувачкиот дел;
• Во 11:00 часот завршува натпреварувањето, а конечните резултати и пласман ќе бидат истакнати на веб страницата на ЗПГМ „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје;
• Незадоволните ученици или менторот имаат право на приговор до Државната комисија, најдоцна 90 минути по објавувањето на резултатите, односно неофицијалната ранг листа, на емаилот на здружението;
• Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот. Резултатите од одговорот по приговорот се конечни;
• Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на општинскиот натпревар, сите ученици го делат истото место;
• На регионален натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветната општина и сите кои имаат освоено 85 и над 85 бодови на натпреварот;
• Доколку од општината нема ученик со и над 85 бода, прво пласираниот од соодветната општина, се приклучува кон учениците кои се пласирани за регионалниот натпревар, но не помалку од 65% од максимално предвидените бодови на општинскиот натпревар;
• На општинските натпревари, дипломи добиваат ученици со освоени прво, второ и трето место, додека останатите ученици добиваат пофалница за учество.
• Секој ментор има обврска уште еднаш да ја провери пријавата и веродостојноста на податоците и доколку воочи грешка при пријавувањето, повторно да поднесе пријава со точни информации (име на ученик, емаил, одделение и сл.).

***На 27.02.2026 година (петок) со почеток во 19:30 ќе се реализира пробен тест, за кој сите пријавени учесници ќе бидат повикани од страна на тестаторите преку нивните емаил адреси.***

Им посакуваме успех и добро здравје на сите ученици и нивните ментори!
ЗПГМ „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ - Скопје